Министерство за финансии
Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор во РСМ

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

## за јавна расправа за документот
## План за управување со животна средина и социјални работи (ПУЖССР)

## за под-проектот

## „Реконструкција на ЈЗУ *Универзитетска клиника за психијатрија – Скопје* со мерки за енергетска ефикасност “

Во рамки на “Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор во РСМ” (ПЕЕЈС) кој се реализира од страна на Единицата за спроведување на проектот при Министерството за финансии со финансиска поддршка од Светска Банка, во компонентата за згради на централните власти предложена е реконструкција на ЈЗУ „Универзитетска клиника за психијатрија – Скопје“ со мерки за енергетска ефикасност.

Согласно *Рамката за животна средина и социјални работи* изготвена врз основа на барањата на Светска Банка беше подготвен документ “Листа со мерки за управување со животна средина и социјални работи” во кој се наведени детални мерки за ублажување на влијанијата врз животната средина и социјалните работи кои ќе произлезат од планираните активности на под-проектот. Овој документ, заедно со формуларот за поднесување на коментари од јавноста, се поставени за јавен увид на официјалните веб страници на:

Министерството за финансии (Под-проекти за енергетска ефикасност во единиците на локална самоуправа - finance.gov.mk) и на:

Министерство за здравство: Министерство за Здравство – Министерство за Здравство (zdravstvo.gov.mk) на 26.01.2023 година.

Јавната расправа за документот ПУЖССР, ќе се одржи на **14.03.2023 (вторник) со почеток во 11.00 часот во Министерството за финансии на РСМ – Скопје,** со следниот дневен ред:

1. Воведен збор на Главниот координатор на Единицата за спроведување на проектот при Министерство за финансии за Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор: Тања Томиќ, Главен координатор на проектот и специјалист за социјални работи - 10 минути
2. Краток осврт на проектните активности за реконструкција и адаптација на зградата: Јасминка Тасева Јанковиќ, Консултант градежен инженер при ПЕЕЈС – 10 минути
3. Клучни влијанија од проектните активности и мерки за постојана грижа на корисниците: Проф. Др. Стојан Бајрактаров, Директор на ЈЗУ „Универзитетска клиника за психијатрија – Скопје“ – 10 минути
4. Краток осврт на документ “План за управување со животната средина и со социјалните аспекти за проектот”: Катарина Георгиевска, Консултант за животна средина при ПЕЕЈС – 15 минути
5. Дискусија
6. Рок за поднесување на коментари до Единицата за спроведување на ПЕЕЈС: 17.03.2023.

Датум на објава: 07.03.2023

**Министерството за финансии**
**Единица за спроведување на проектот**